**АГЕНЦИЈА**
НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ

**Број:** **2086**
**Скопје** **23.08.1994 година**

Врз основа на член 105 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и член 29 од Статутот на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Директорот на Агенцијата донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Претпријатието А.Д. "ФЕРШПЕД"- Скопје се задолжува да ги отстрани следните недостатоци на спроведената сопственичка трансформација:

1. Правилно да ја утврди и распореди ревалоризационата резерва.

2. Правилно да ја утврди и распореди добивката.

3. Да направи пресметка за секој имател на интерни акции за износот на законски пропишаните обврски на интерните акции издадени според Законот на општествен капитал, кои се платени со интерни акции издадени согласно Член 4 од Законот за исплата на личните доходи, на средствата за непосредна заедничка потрошувачка и средствата за исхрана на работниците во текот на работењето. Од имателите на акциите да побара да потпишат изјава за тоа во кој износ ќе ги платат истите и да ја извести Агенцијата за нивната одлука.

4. Правилно да ја утврди ревалоризацијата на неотплатените интерни акции.

За одстранување на недостатоците во извршената сопственичка трансформација и врз таа основа организирањето на претпријатието како друштво, спроведена според Законот за општествен капитал (Службен лист на СФРЈ, бр. 46/90) на претпријатието му се утврдува **рок од 30 дена.**

### О б р а з л о ж е н и е

Решението е донесено врз основа на Извештајот на Управата за јавни приходи - Подрачна единица Скопје за извршената контрола на примената на Законот за општествен капитал, **број 438 од 24.05.1994година,** доставен во Агенцијата, **број 1785 од 12.07.1994 година** и контролата направена од страна на овластени лица на Агенцијата, утврди:

АГЕНЦИЈА

1. Со контрола на податоците од годишните пресметки за 1990, 1991,1992 и 1993 година утврдено е дека ревалоризационата резерва е неправилно пресметана и тоа:

- Во 1993 година ревалоризационата резерва е утврдена во поголем износ од 1.365.716,00 како резултат на неправилно евидентирање на купени акции кај други правни лица (Поглавје Б точка 2; потточка 17)

- Како резултат на напред наведената неправилност како и поради неправилно евидентирање на акциите добиени од деловни банки по основ на претходно здружени средства во вкупен износ од ден. 123.317,00 и зголемување односно намалување на добивката по години неправилно е распоредена ревалоризационата резерва.

При тоа претпријатието распоредило ревалоризациона резерва во помал износ во општествен капитал од ден. 30.621.290,00 и во резерви од ден. 2.668.543,00 додека повеќе распоредило во акционерски капитал од ден. 34.655.549,00 (Преглед број 6). Се задолжува претпријатието да ја отстрани оваа неправилност.

2. Како резултат на неправилно зголемени односно намалени приходи и расходи добивката по години е неправилно утврдена и распоредена. Имено како резултат на неправилно зголемени, односно намалени приходи и расходи добивката во 1990 и 1992 година е помалку искажана од страна на правното лице за ден. 8.056.901,00 додека во 1991 и 1993 година е повеќе искажана за износ од ден. 5.571.651,00 или вкупно за целиот период добивката е искажана во помал износ од ден. 2.485.250,00.При тоа претпријатието повеќе пресметало и платило данок и придонеси од добивка во износ од ден. 40.044,00 а од добивката помалку распоредило во општествен капитал ден. 536.285,00 во резерви 2.072.152,00 додека повеќе распоредило во дел за зголемување на влогот ден. 100.000,00 и во дел за заедничка потрошувачка ден. 80.000,00. Се задолжува претпријатието да ја отстрани оваа неправилност.

3.Со контрола на отплатата на интерните акции е утврдено дека според правното лице се отплатени интерни акции во вкупен износ од 1.929.330,00 ,00 од што ден. 1.148.623,00 дополнителен капитал, а ден. 780.707,00 сразмерен дел на попустот. Меѓутоа според контролата вкупно се отплатени интерни акции во износ од ден. 1.791.753,00 од што ден. 1.052.290,00 дополнителен капитал и ден. 739.463,00 сразмерен дел на попустот односно правното лице искажало повеќе отплатени интерни акции во вкупе износ од ден. 137.577,00 од што ден. 96.333,00 дополнителен капитал и ден. 41.244,00 сразмерен дел на попустот. Повеќе искажаната отплата е резултат на извршената распределба на добивката од 1991 година во зголемување на влогот на акционерите од ден.100.000,00 кој е стевен во отплата на интерни акции, а според наодот на контролата во 1991 година правното лице требало да искаже загуба , поради што не може да има распределба па ни отплата на интерни акции по тој основ. Исто така евидентирана е отплата на интерни акции по пат на месечни задршки од плати во 1992 година без при тоа навистина да се извршат такви задршки. (Поглавје Б, точка 5, Преглед 4) Се задолжува правното лице да ја отстрани горенаведената неправилност. При тоа треба да се има предвид дека вкупниот дополнителен капитал утврден од контролата ден. 171.751,00 се платени со интерни акции од Законот за лични доходи... повлекувајќи

размерен дел на попуст од ден. 130.042,00. Иматели на такви акции, согласно член 109 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (Службен весник на Република Македонија бр: 38/93) во рок од три месеци треба да ги платат со закон пропишаните обврски, ревалоризирани со индексот на цените на мало. За одлуката на акционерите претпријатието треба да ја извести Агенцијата во рок од 30 дена.

4. Со контрола на ревалоризацијата на неотплатениот дел на интерни акции констатирано е дека претпријатието не пресметало ревалоризација во вкупен износ сo 31.12.1993 година од ден. 24.580.526,00 поради тоа што не искажало неотплатени интерни акции во вкупен износ од ден. 137.577,00 а што е објаснето во точка 3 од ова решение.Се задолжува претпријатието да ја отстрани напред наведената неправилност.

Законски пропишаните обврски треба да се уплатат на жиросметката на **Агенцијата на РМ за трансформација на претпријатијата со општествен капитал**
**бр: 40100-849-586**, со назнака - **законски пропишани обврски за трансфорормација.**

Врз основа на изнесеното се реши како во диспозитивот.

Против ова Решение може да се поднесе приговор во **рок од 15 дена** до Комисијата на Владата на Република Македонија за Трансформација на претпријатијата со општествен капитал преку Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Директор,

Д-р Мирољуб
Шукаров